**20170360645**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 49 ставови (1) и (4) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА БОЛЕСТИТЕ КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПРИЈАВУВААТ И ЛИСТА НА БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ПРИЈАВУВААТ(*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за пријавување на болестите кои задолжително се пријавуваат и Листата на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат.

Член 2

(1) Овој правилник се применува за пријавување за:

- жаришта на болести наведени во Листата на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат која е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник и

- повлекување на забраните, после искоренувањето на последното жариште, во однос на жариште на некоја од болестите од Прилог 1 на овој правилник.

(2) Одредбите на овој правилник се применуваат без оглед на посебните прописи за доставување на информации во однос на координација за искоренување и/или профилакса на болести кај животните.

Член 3

(1) Поимите дефинирани во Законот за ветеринарно здравство се применуваат и во овој правилник.

(2) Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) „случај” е официјална потврда на било која болест наведена во Листата на болести од Прилог 1 на овој правилник, кај било кое животно или труп;

2) „примарно жариште” е жариште кое не е епизоотиолошки поврзано со претходно жариште во иста епизоотиолошка единица, како што е дефинирано во член 3 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи*1, или е прво жариште во различна епизоотиолошка единица;

3) „секундарно жариште“ е секое жариште на било која болест од Прилог 1 на овој правилник, а кое епидемиолошки е поврзано со појавата на претходно жариште на болеста во ист регион и

4) „затворање на жариште“ е укинување на сите мерки за сузбивање и искоренување на болеста кај животните при што од последниот случај на појава на болеста ќе измине најдолгата инкубација на болеста и ќе се спроведе финалното чистење и дезинфекција.

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Директивата на Советот 82/894/ЕЕЗ од 21 декември 1982 за пријавување на болестите во заедницата, CELEX бр. 31982L0894 и Директива на Советот 2006/88/ЕЗ од 24 октомври 2006 за здравствените барања за животни од аквакултура и нивни производи, и за спречување и контрола на одредени болести кај водни животни, CELEX бр. 32006L0088.

Член 4

Болестите од Прилог 1 на овој правилник се пријавуваат до Светската организација за здравствена заштита на животните (во понатамошниот текст: ОИЕ) и Комисијата на Европската унија.

Член 5

(1) Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текс: Агенцијата) во рок од 24 часа од појавата на болеста го пријавува до ОИЕ секој случај на болест која задолжително се пријавува, а која е наведена во Прилог 1 дел В на овој правилник.

(2) Пријавата на болест која задолжително се пријавува од став (1) на овој член содржи информации кои ги бара ОИЕ и се доставува по пат на електронска пошта и телекс.

Член 6

(1) Агенцијата во рок од 24 часа од појавата на болеста ја известува Комисијата на Европската Унија за:

(а) потврдено примарно жариште на било која болест наведена во Прилог 1 на овој правилник и

(б) повлекување на забраните, после искоренувањето на последното жариште, во однос на жариште на некоја од болестите од Прилог 1 на овој правилник.

(2) Пријавата на болест која задолжително се пријавува од став (1) на овој член треба да ги содржи информациите од Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник и се доставува по телекс.

(3) Во случај на класична чума кај свињите покрај информациите од став (2) на овој член се доставуваат и дополнителни информации дадени во Прилог 2 дел Б од овој правилник.

(4) Во случај на болести кај аквакултурата наведени во Прилог 1 дел Б од овој правилник, покрај информациите од став (2) на овој член се доставуваат и дополнителни информации наведени во Прилог 2 дел В од овој правилник.

Член 7

Доколку постојат знаци кои упатуваат на сомневање за појава на болест или смрт на животни, одгледувачот веднаш и без одлагање треба да го извести докторот по ветеринарна медицина во надлежното ветеринарно друштво.

Член 8

(1) По секое известување примено од страна на одгледувачот на животните или други лица одговорни за животните, докторот по ветеринарна медицина треба да изврши посета и ветеринарен преглед на животните за да се утврди дали постојат основи за сомневање на постоење на заразни или паразитски болести.

(2) Во случај на сомневање или потврда на некоја од болестите од Прилог 1 делови А, Б и В од овој правилник докторот по ветеринарна медицина веднаш и без одлагање, а најдоцна во рок од 24 часа, по телефон, факс или електронска пошта треба да ја извести Агенцијата и официјалниот ветеринар во организациона единица на Агенцијата (во понатамошниот текст: официјален ветеринар).

(3) Докторот по ветеринарна медицина ги доставува податоците од испитувањето на сомнежот односно потврдата на болест со користење на обрасците 1 и 2 од Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Докторот по ветеринарна медицина треба да ги известува официјалниот ветеринар и Агенцијата за храна и ветеринарство за појава на случаи на жариште на месечна основа до 10ти во месецот за претходниот месец.

(5) Известувањето од став (4) на овој член се доставува по електронски пат на образец објавен на интернет страната на Агенцијата.

Член 9

(1) За пријавување на болестите од Прилог 1 на овој правилник, официјалниот ветеринар ќе ја информира Агенцијата, по телефон и факс или по електронска пошта, без одлагање, а најдоцна во рок од 24 часа по пријавувањето, за точниот број на животни на одгледувалиштето, резултатите од прелиминарното епидемиолошко испитување, како и други факти, мерки за контрола кои биле наредени на овластените ветеринарни друштва кои се вклучени во спроведувањето на контролата на болеста и се одговорни за поднесување на извештаи за жариштето.

(2) Официјалниот ветеринар од организационата единица на Агенцијата подготвува месечен извештај најдоцна до 20ти во месецот за претходниот месец за сите случаи на појава на сомнеж или потврда на болест од Прилог 1 делови А и Б на овој правилник.

(3) Извештајот од став (2) на овој член се поднесува по електронски пат на образец објавен на интернет страната на Агенцијата.

Член 10

(1) За состојбата со жариштата на болести до Агенцијата се доставува неделен извештај кој ги содржи информациите за сите промени настанати во жариштето, мерките кои се спроведени и појавата на нови случаи на заболени животни во текот на претходната недела, вклучително и денот недела.

(2) Докторот по ветеринарна медицина од овластеното ветеринарно друштво неделниот извештај од став (1) на овој член го заверува со потпис или факсимил и истиот може да се достави и по електронска пошта најдоцна до 12:00 часот во понеделник или до затворање на жаришта

(3) Неделниот извештај од став (1) на овој член се изготвува на Образец 3 од Прилог 4 на овој правилник.

Член 11

(1) За затворање на жариштето до Агенцијата се доставува финален извештај не покасно од 48 часа по пријавата на затварање на жариште.

(2) Докторот по ветеринарна медицина од овластеното ветеринарно друштво го поднесува финалниот извештај од став (1) на овој на член по факс или електронска пошта до Агенцијата и до организационата единица на Агенцијата.

(3) Финалниот извештај од став (1) на овој член се изготвува на Образец 4 од Прилог 4 на овој правилник.

(4) Со поднесување на финалниот извештај за затворање на жариште, докторот по ветеринарна медицина од овластеното ветеринарно друштво потврдува дека е искоренето и последното жариште на болеста.

Член 12

(1) Националната референтна лабораторија (во понатамошниот текст: лабораторијата) без одлагање ја информира по телефон, факс или електронска пошта Агенцијата или официјалниот ветеринар во организационата единица на Агенцијата како и испраќачот, за резултатите од дијагностичките испитувања за болестите од Прилог 1 на овој правилник.

(2) Лабораторијата треба да доставува извештај на месечно ниво најдоцна до 15ти во месецот до Агенцијата, за резултатите од спроведените лабораториски тестови за болестите од Прилог 1 делови А и Б на овој правилник.

(3) Лабораторијата треба да ги доставува резултатите за лабораториските испитувања на беснило до Агенцијата, најдоцна до 3ти во месецот за претходниот месец.

(4) Лабораторијата треба да ја информира Агенцијата за позитивните резултати од извршените лабораториски испитувања за заразни или паразитски болест кај животните, а кои не се наведени во Прилог 1 делови А и Б на овој правилник.

Член 13

Агенцијата за храна и ветеринарство ја известува Комисијата на Европската унија во рок од 24 часа од појава на болеста во случај на потврдување на:

(а) егзотична болест кај аквакултура согласно критериумите дадени во Прилог 3 кој е составен дел од овој правилник и

(б) не-егзотична болест кај аквакултура согласно критериумите дадени во Прилог 3 од овој правилник, кога зоната или комплексот се прогласени за слободни од таа болест.

Член 14

(1) Без оглед на информациите доставени во врска со ерадикацијата и/или профилаксата на болестите, Агенцијата ја известува Комисијата на Европската унија, најдоцна на првиот работен ден од секоја недела, за секундарните жаришта на кои било болести потврдени на нејзината територија, кои се наведени во  Прилог 1 Дел А на овој правилник.

(2) Известувањето од став (1) на овој член се однесува за цела недела која завршува во недела на полноќ.

(3) Известувањата од став (1) на овој член ги вклучува информациите дадени во Прилог 2 од овој правилник кои се доставуваат по телекс.

Член 15

Одредбите на членовите 6, 13 и 14 од овој правилник ќе отпочнат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-174/4
20 март 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

Прилог 1

Листа на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат

Дел А
I. Болести кај копнените животни

Листа 1:

- Африканска болест кај коњи
- Африканска чума кај свињите
- Антракс
- Авијарна инфлуенца (HPAI кај живината, домашни и диви птици и LPAI кај живината и домашни птици)
- Син јазик
- Спонгиоформна енцефалопатија кај говеда
- Класична чума кај свињите
- Заразна плевропневмонија кај говедата
- Дурина
- Енцефаломиелитис кај копитари од следните типови:
    - Источен енцефаломиелитис кај копитари
    - Јапонски енцефалитис
    - Венецуелски енцефаломиелитис кај копитари
    -Западно нилска треска (West Nile Virus)
    - Западен енцефаломиелитис кај копитари
- Инфективна анемија кај копитари
- Лигавка и Шап
- Сакагија
- Болест на чвореста кожа
- Њукастелска болест кај живината
- Чума кај мали преживари
- Инфекција со вирусот на Беснило
- Грозница на долината Рифт
- Говедска чума
- Овчи и козји сипаници
- Инфестација со мал молец *(Aethina tumida)*
- Везикуларна болест кај свињите
- Инфестација со *Tropilaelaps* кај пчели
- Везикуларен стоматитис

Листа 2:

- Бруцелоза кај говеда
- Туберкулоза кај говеда
- Ензоотска леукоза кај говеда
- Бруцелоза кај кози и овци (со исклучок на *Brucella ovis*)

II. Болести кај аквакултурата

- Епизоотска хематопоетска некроза
- Инфективна хематопоетска некроза
- Инфективна анемија кај лосос
- Зараза со *Perkinsus marinus*
- Зараза со *Microcytos mackini*
- Зараза со *Marteilia refringens*
- Зараза со *Bonamia ostreae*
- Зараза со *Bonamia exitiosa*
- Заболување со Koiherpes virus
- Таура синдром
- Вирусна хеморагична септикемија
- Болест на бели точки
- Болест на жолта глава

Дел Б
I. Егзотични болести

| | Болест | Приемчиви видови |
|---|---|---|
| Риби | Епизоотска хематопоетска некроза | Виножитна пастрмка (*Oncorhynchus mykiss*) и црвеноперка (*Percha fluviatilis*) |
| Мекотели | Зараза со *Bonamia exitiosa* | Австралиска остригa (*Ostrea angasi*) и Чилеанска сплесната остригa (*O. chilensis*) |
| | Зараза со *Perkinsus marinus* | Пацифичка остригa (*Crassostrea gigas*) и Атлантска остригa (*C. virginica*) |
| | Зараза со *Microcytos mackini* | Пацифичка остригa (*Crassostrea gigas*), Атлантска остригa (*C. virginica*), Олимписка сплесната остригa (*Ostrea conchaphila*) и Европска сплесната остригa (*O. edulis*) |
| Ракови | Таура синдром | Заливски бел рак (*Penaeus setiferus*), Пацифички син рак (*P. styrlirostris*) и Пацифички бел рак (*P. vannamei*) |
| | Болест на жолта глава | Заливски кафеав рак (*Penaeus aztecus*), Заливски розов рак (*P. duoranum*), Kuruma рак (*P. japonicas*), Црн тигрест рак (*P. monodon*), Заливски бел рак (*Penaeus setiferus*), Пацифички син рак (*P. styrlirostris*) и Пацифички бел рак (*P. vannamei*) |

II. Не-егзотични болести

| | Болест | Приемчиви видови |
|---|---|---|
| Риби | Вирусна хеморагична септикемија (VHS) | Харинга (*Cupea* spp.), бела риба (*Coregonus* sp.), штука (*Esox Lucius*), бакалар (*Gadus aeglefinus*), пацифички бакалар (*G. macrocephalus*), Атлантски бакалар (*G. morhua*), Пацифички лосос (*Oncorhynchus* spp.), Виножитна пастрмка (*O. mykiss*), роклинг (*Onos mustelus*), *Кафеава пастрмка* (*Salmo trutta*), иверак (*Schophtalmus maximus*), Европска харинга (*Sprattus sprattus*), липан (*Thymallus thymallus*) и *Paralichthys olivaceus* |
| | Заразна хематопетска некроза (IHN) | Кета лосос (*Oncorhynchus keta*), кизуч (*O. kisutch*), Masou лосос (*O. masou*), Виножитна пастрмка (*O. mykiss*), Црвен лосос (*O. ne*rka), Розов лосос (*O. rhodurus*), Кралски лосос (*O. tshawytscha*) и атлантски лосос (*Salmo salar*) |
| | Koiherpes virus (KHV) болест | Крап и koi крап (*Cyprinus carpio*) |
| | Заразна анемија кај лососи (ISA): инфекција со отстранет генотип HPR од родот Isavirus (ISAV) | Виножитна пастрмка (*Oncorhynchus mykiss*), атлантски лосос (*Salmo salar*) и кафеава и морска пастрмка (*Salmo trutta*) |
| Мекотели | Зараза со *Marteiliarefringens* | Австралиска острига (*Ostrea angasi*), Чилеанска сплесната острига (*O. chilensis*), Европска сплесната острига (O. edulis), Аргентинска острига (*O. pelchana*), Сина школка (*Mytilus edulis*) и Медитеранска школка (*M. galloprovincialis*) |
| | Зараза со *Bonamia ostreae* | Австралиска острига (*Ostrea angasi*), Чилеанска сплесната острига (*O. chilensis*), Олимписка сплесната острига (*O. conchaphila*), Азиска острига (*O. denselammellosa*), Европска сплесната острига (*O. edulis*) и аргентинска острига (*O. puelchana*) |
| Ракови | Болест на бели точки | Сите декаподни ракови (*ред Decapoda*) |

Дел В
Листа на болести на ОИЕ

Листата објавена од Светската организација за здраствена заштита на животните (OIE) може да се најде на следната веб страна:
http://www.oie.int/eng/maladies/en_classification2009.htm?e1d7

Прилог 2

Информации кои се праќаат при појава на болест која задолжително се пријавува

Дел А

Информации вклучени во пријавата согласно членовите 6 и 14 на овој правилник, а во однос на примарните и секундарните жаришта на болестите наведени во Дел А од Листата на болести кои задолжително се пријавуваат од Прилог 1 на овој правилник:

1. Дата на испраќање на пријавата;
2. Време на испраќање на пријавата;
3. Земја на потекло на жариштето;
4. Име на болеста и тип на вирусот, доколку е применливо;
5. Сериски број на жариште;
6. Вид на жариште;
7. Референтен број на жариштето поврзано со ова жариште;
8. Регион и географска локација на одгледувалиштето;
9. Останати региони засегнати од забраната;
10. Дата на потврдување на постоење на жариште;
11. Дата на поставување сомнеж за постоење на жариште;
12. Проценета дата на првичната инфекција;
13. Потекло на болеста;
14. Превземени заштитни мерки;
15. Број на приемчиви животни во одгледувалиштата (а) говеда, (б) свињи, (в) овци, (г) кози, (д) живина, (ѓ) копитари, (е) во случај на болест во аквакултура се дава тежината или бројот x1000 на приемчиви животни (ж) диви животни, (з) во случај на болести кај пчелите се дава бројот на приемчиви пчелни семејства;
16. Број на клинички болни животни во одгледувалиштата (а) говеда, (б) свињи, (в) овци, (г) кози, (д) живина, (ѓ) копитари, (е) во случај на болест во аквакултура се дава тежината или бројот x1000 на клинички заболени животни (ж) диви животни, (з) во случај на болести кај пчелите се дава бројот на клинички заболени пчелни семејства;
17. Број на умрени животни во одгледувалиштата (а) говеда, (б) свињи, (в) овци, (г) кози, (д) живина, (ѓ) копитари, (е) во случај на болест во аквакултура се дава тежината или бројот x1000 на умрени животни (ж) диви животни;
18. Број на заклана стока (а) говеда, (б) свињи, (в) овци, (г) кози, (д) живина, (ѓ) копитари, (е) во случај на болест во аквакултура, доколку е применливо (само за ракови и риби) се дава тежината или бројот x1000 на уловени животни (ж) диви животни;
19. Број на уништени трупови (а) говеда, (б) свињи, (в) овци, (г) кози, (д) живина, (ѓ) копитари, (е) во случај на болест во аквакултура, доколку е применливо се дава тежината или бројот x1000 на отстранети и нештетно уништени животни (ж) диви животни, (з) во случај на болести кај пчелите се дава бројот на уништени пчелни семејства;
20. (Одредување) дата на завршување со убивањето (каде е возможно);
21. (Одредување) дата на завршување со уништувањето (каде е возможно).

Дел Б

Информации во случај на класична чума кај свињите

Дополнителни информации:

1. Одалеченост од најблиското одгледувалиште на свињи;
2. Број и вид на свињи (за размножување, за тов и прасиња) во заразеното одгледувалиште;
3. Број и вид на клинички заболени свињи (за размножување, за тов и прасиња) во заразеното одгледувалиште;
4. Користени дијагностички методи;
5. Доколку болеста не е потврдена во објектот, треба да се неведе дали е потврдена во кланица или превозно средство;
6. Потврда на примарните случаи кај диви свињи.

.

Дел В

Информации во случај на болести кај копнени

животни од листата 2 од Прилог 1 Дел А

Информации кои треба да се достават во случај на болести кај копнени животни од листата 2 од Прилог 1 Дел А:

— потврда на појава на жариште, инфекција или присуство на причинител на болест во стадо како што е пропишано во Прилозите 1 и 4 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи*2 или во објект како што е пропишано во Прилог 1 од Правилникот за условите за ставање во промет на

животни од видовите овци и кози*3, или повлекување на статусот официјално слободен од болест на стадо или објект како резултат на лабораотриското или епидемиолошкото испитување како што е пропишано во Прилозите 1 и 4 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи*2 или во Прилог 1 од Правилникот за условите за ставање во промет на животни од видовите овци и кози*3 во зона, регионо или оддел официјално слободна од таа болест во соглсаност со истите правилници и кое не е епидемиолошки поврзано со претходно жариште треба да се пријави како примарно жариште и за тоа треба да се извести Комисијата во рок од една недела;

— секоја друга потврда на жариште, инфекција или присуство на причинител на болест или повлекување на статусот официјално слободен од болест на стадо или објект како резултат на лабораотриското или епидемиолошкото испитување како што е пропишано во Прилозите 1 и 4 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи*2 или во Прилог 1 од Правилникот за условите за ставање во промет на животни од видовите овци и кози*3 во зона, регион или оддел официјално слободна од таа болест во соглсаност со истите правилници треба да се пријави како секундарно жариште, во согласност со член 14 став (1) од овој правилник;

— секундарните жаришта се пријавуваат до Комисијата на месечна основа;

— во случај на туберкулоза кај говеда, бруцелоза кај говеда и бруцелоза кај овци и кози, во известувањето се наведува и причинителот на болеста, доколку е познат.

Дел Г

Информации во случај на болести кај аквакултурата

(1) Потврдата на појава на било какво жариште на егзотични или не-егзотични болести кај аквакултура се пријавува како примарно жариште;

(2) Останатите жаришта од оние наведени во став (1) од овој дел се пријавуваат како секундарни жаришта во согласност со член 14 став (1) од овој правилник;

(3) Секундарните жаришта се пријавуваат до Комисијата на месечна основа. Името и описот на зоната или одделот, исто така, се внесуваат во известувањето.

Прилог 3

Критериуми за ставање болести на листа

Дел А

Егзотичните болести треба да ги исполнуваат критериуми утврдени во точка 1 и во точка 2 или 3

(1) Болеста е егзотична за Република Македонија, односно болеста не е утврдена во аквакултурата на Република Македонија и не е познато дека патогениот агенс е присутен во водите на Република Македонија.

(2) Има потенцијал за значително економско влијание доколку се внесе во Република Македонија, било преку производствени загуби во индустријата за аквакултура во Република Македонија или преку ограничувања на потенцијалот за трговија со животни и производи од аквакултура.

(3) Има потенцијал за штетно влијание врз животната средина доколку се внесе во Република Македонија, врз популациите на диви видови водни животни, кои се видови што треба да бидат заштитени со законодавството на Република Македонија или со меѓународни прописи.

Дел Б

Не-егзотичните болести треба да ги исполнуваат следниве критериуми утврдени во точките 1, 4, 5, 6 и 7 и во точка 2 или 3

(1) Неколку региони се слободни од специфичната болест.

(2) Има потенцијал за значително економско влијание доколку се внесе во регион во кој ја нема болеста, преку загуби во производството, и годишните трошоци поврзани со болеста и контрола на болеста надминуваат 5% од вредноста на производството на подложни видови од аквакултурата во регионот, или преку ограничување на можностите за меѓународна трговија со животни и производи од аквакултурата.

(3) Кога ќе се појави, болеста има штетно влијание врз животната средина доколку се внесе во регион кој ја нема болеста, врз популациите на диви видови водни животни, кои се видови што треба да бидат заштитени со законодавството на Република Македонија или со меѓународни прописи.

(4) Болеста тешко се контролира и органичува на ниво на фарма или регион за одгледување мекотели без строги мерки и трговски ограничувања.

(5) Болеста може да се контролира на ниво на регион, и искуството покажало дека можат да се воспостават и да се одржат зони или комплекси кои ја немаат болеста, и дека таквото одржување е економично.

(6) При ставање во промет на животни од аквакултура, постои ризик дека болеста ќе се појави и ќе се задржи во област која претходно не била инфицирана.

(7) Расположиви се веродостојни и едноставни тестови за инфицираните водни животни. Тестовите треба да се специфични и сензитивни.

Прилог 4

ОБРАСЦИ ЗА ПРИЈАВА И ОДЈАВА НА БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ

*Образец 1*

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА НА СОМНЕЖ НА ЗАРАЗНА/ ПАРАЗИТСКА БОЛЕСТ**

Референтен број: ______________

Дата на поставување на сомнеж на заразна/паразитска болест: ______________________________

Име и презиме на Докторот по ветеринарна медицина кој ја испраќа пријавата: ________________________________________________________________

Телефон: ______________Факс: ___________ е-маил: _________________________

Име и презиме на одгледувачот/одговорното лице на одгледувалиштето на животните каде што е поставен сомнежот на болеста:

________________________________________________________

Регистарски број на одгледувалиште (РБО): ____________________

Адреса: _______________________________

Населено место: _______________________Општина: ________________________________

Знаци на болест/смртност пријавена од одгледувачот: (заокружи го соодветното)

1) ДА

2) НЕ – Внесете го името и презимето на лицето кое што пријавило знаци на болест/смртност: ________________________________________________________________

Сомнежоте поставен под надлежност на овластеното ветеринарно друштво во општина:
__________________________________________________
(внесете го името на овластеното ветеринарно друштво)

Причина за поставување на сомнеж и најдени клинички знаци:
___________________________________________________________________________

Болеста за која е поставен сомнеж: ________________________________________

Податоци за животните

| | Вкупен број на животни во одгледувалиштето | Број на животни кои покажуваат знаци на болеста | Број на угинати животни |
|---|---|---|---|
| Говеда | | | |
| Свињи | | | |
| Овци | | | |
| Кози | | | |
| Коњи | | | |
| Живина (кокошки) | | | |
| Живина (мисирки) | | | |
| Живина (гуски, патки) | | | |
| Перната дивеч (одредете го видот) | | | |
| Диви животни (наведете го видот) | | | |
| Пчели (број на пчелни семејства) | | | |
| Риби (kg) | | | |
| Мекотели (kg) | | | |
| Кучиња | | | |
| Мачки | | | |
| Други (наведете кои) | | | |

Дали за време на посетата од страна на овластеното ветеринарно друштво извршено е земање на мостри за понатамошно потврдување или отфрлање на сомнежот на болеста (заокружете го соодветното): **Да / Не**

Доколку е Да, одредете го видот на земена мостра, животни од кое потекува мострата и датумот на земањето: __________________________________________

Место и дата: ______________________________________

Потпис и печат на Докторот по ветеринарна медицина:___________________

*Образец 2*

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА НА ЖАРИШТЕ НА БОЛЕСТ

Референтен број: ___________________

Пријава на жариштe и назив на болеста: ___________________________

Дата на потврда на болеста: ________________________________________

(ден/месец/година)

Дали е поставен сомнеж на болеста (заокружи го соодветното): ДА / НЕ

Доколку е ДА внесете датум и референтен број од образецот за поставување на сомнеж: __________________________________________

Време на пријавување: _______________________________________________

Име и презиме на Докторот по ветеринарна медицина кој ја испраќа пријавата: ___________________________________________________________________________

Телефон:______________ Факс: ______________ е-маил: _______________________

Име и презиме на одгледувачот/одговорното лице на одгледувалиштето на животните каде што случајот на болеста е потврден:

________________________________________________________________________________

Регистарски број на одгледувалиште (РБО):_____________________________________

Адреса: _________________________________________

Населено место: _______________________Општина: _________________________

Жариште кое е пријавено е под надлежност на овластеното ветеринарно друштво: _________________________________________________________________

(внесете го името на овластеното ветеринарно друштво)

Извор на инфекција: заокружете/до објаснете:

(i) заеднички извор на инфекција (два или повеќе случаи поврзани со ист извор на инфекција, пр. вода, храна): Да / Не

Одредете дали изворот на инфекција е познат: __________________________

(ii) одреден број наизвори на инфекција (изложеност на различни извори на инфекција, континуирано, за подолг временски период): Да / Не

Одредете дали изворите на инфекции се познати: ________________________

iii) ширење (од животно на животно): Да / Не

(iv) продолжено(трае подолг временски период): Да / Не

11. Други населени места/општини каде се спроведуваат контролни и заштитни мерки за искоренувањена болеста: ________________________________

12. Дата на поставување сомнеж на болест:_____________________(ден/месец/година)

14. Дата кога случајот е потврден: ___________________________ (ден/месец/година)

15. Проценка за времето кога е настанато инфицирањето кај првото животно: ________________________(ден/месец/година)

16. Потекло/извор на болест: _______________________________________________

17. Мерки кои се применети за контрола на болеста на пример: мониторинг, контрола на диви видови кои се резервоари на заболувања, превентивни мерки за контрола на граничен премин, контрола на движењето на животните во земјата, колење, земање на примероци, вакцинација, зонирање( спроведување на мерките во одредена област,каде што здравствената состојба на животните е добро позната ) – да се наведете

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Податоци за животните на одгледувалиште:

| | Вкупен број на животни воодгледувалиште | Број на животни кои покажуваат клинички знаци* на болеста | Вкупен број на угинати животни на одгледувалиште | Број на нештетно отстранети животни |
|---|---|---|---|---|
| Говеда | | | | |
| Свињи | | | | |
| Овци | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кози | | | | |
| Коњи | | | | |
| Живина (кокошки) | | | | |
| Живина (мисирки) | | | | |
| Живина (гуски, патки) | | | | |
| Живина (фазани) | | | | |
| Диви животни (наведете го видот) | | | | |
| Риби | | | | |
| Пчеларници | | | | |
| Други (наведете) | | | | |

*Наведете клинички симптоми: ___________________________________________

Проценето време кога животните ќе бидат заклани (час/ден/месец/година): ___________________________________

Проценето време кога животните нештетно ќе се отстранат (час/ден/месец/година): ________________________

Во случај на класична чума кај свињите (CSF) се поднесуваат следниве дополнителни информации:

1.Оддалеченост, во метри до најблиското одгледувалиште на свињи (наведете): __________________________

Податоци за бројот на свињи во потврденотоодгледувалиште

| Категорија | Вкупен број | Број на свињи со клинички знаци накласична чума кај свињите |
|---|---|---|
| Расплодни свињи | | |
| Товни свињи | | |
| Прасиња (до 3 | | |

| | | |
|---|---|---|
| месеци) | | |

2. Начин на поставување на дијагноза (заокружи го соодветното):

клинички /патоанатомски/лабораториски (наведете го употребениот дијагностичкиот тест):

_____________________________________________________________________________

3. Во случај кога болеста не е потврдена на одгледувалиште, да се наведе каде е потврдена болеста:

- во кланица: (заокружи) Да / Не
- за време на транспорт: (заокружи) Да / Не
- друго (наведете каде): ___________________________________

4. Дали првичниот случај* на болеста е потврден кај дивите свињи: (заокружи)

**Да / Не**

Во случај на следниве болести кај риби: инфективна хематопоетска некроза, инфективна анемија кај пастрмки, вирусна хеморагичнасептикемија, во одобрени рибници или во одобрени површини за одгледување на рибиили зони слободни од овие болести,потребно е примарното жариште треба да биде пријавено:

– Име на одгледувалиштето на риби: _____________________________________

–Регистарски број на одгледувалиштето на риби: _______________________________

– Опис на одгледувалиштето на риби (методи на производство, капацитет, видови на рибаикатегории):

_________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

* Примарно жариште на Класична чума кај диви свињи (CSF)кај диви свињи се однесува на случаите кои се појавуваат во слободните зони, или надвор од зоните каде има издадено мерки во однос на класична чума кај диви свињи;

Место и датум: _________________________________________

Потпис на докторот по ветеринарна медицина и печат: ________________________________

*Образец 3*

**НЕДЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЖАРИШТЕ, Бр* ___**

Референтен број на жариштето: ___________________________________

Болест за која се поднесува неделниот извештај:

___________________________________________________________________

Жариштето е пријавено (внеси дата и референтен број од Образецот за Пријава на Жариште):

_________________________________________________

Име и презиме на докторот по ветеринарна медицина од овластеното ветеринарно друштво кое го испраќа извештајот:

_________________________________________________________

Телефон: ________________ Факс: ___________ е-маил: ______________________

Име и презиме на одгледувачот/одговорното лице на одгледувалиштето на животните каде што случајот на болеста е потврдена и за кое се поднесува неделен извештај:

_______________________________________________________

Регистарски број на одгледувалиште (РБО): ______________________

Адреса: ___________________

Населено место: ___________________ Општина: __________________________
Жариште се наоѓа под надлежност на:

_________________________________________________
(внесете го името на овластеното ветеринарно друштво)

Наведете кои мерки (контролни и заштитни)се спроведуваат во одгледувалиштето: мониторинг, контрола на вектори, контрола на диви видови, кои се резервоари на заболувања, превентивни мерки за контрола на граничен премин, контрола на движењето на животните во земјата, колење, земање на примероци, вакцинација или забрана за вакцинација, зонирање (спроведување на мерките во одредена област, каде што здравствената состојба на животните е добро позната)

Податоци за животните на одгледувалиште (се однесува на периодот на известување):

| | Вкупен број на животни во одгледувалиштето | Број на ново заболени животни со клинички знаци* на болеста | Број на угинати животни | Број на убиени животни | Број на заклани животни | Број нештетно отстранети животни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Говеда | | | | | | |
| Свињи | | | | | | |
| Овци | | | | | | |
| Кози | | | | | | |
| Коњи | | | | | | |
| Живина (кокошки) | | | | | | |
| Живина (мисирки) | | | | | | |
| Живина (гуски, патки) | | | | | | |
| Перната дивеч (неведете го видот) | | | | | | |
| Диви животни (наведете го видот) | | | | | | |
| Пчели (број на пчелни семејства) | | | | | | |
| Риби (kg) | | | | | | |
| Мекотели (kg) | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Куче | | | | | | |
| Мачка | | | | | | |
| Други (наведете) | | | | | | |

*Наведете клинички знаци: ________________________________________________

Време на колење на животните (час/ден/месец/година):___________________________

Место на колење и име на кланицата: ________________________________

Време на убивање на животните (час/ден/месец/година): _______________________________________

Време на транспорт на мршите за нештетно отстранување на животните(час/ден/месец/година): ______________________________________________

Име и презиме на транспортерот и регистарски ознаки на возилото: __________________________________________________________________________

Наведете други активности кои се спроведуваат на одгледувалиштето во периодот за кој се однесува ова пријавување на болеста:

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________

Место и датум: ________________________________________

Потпис на докторот по ветеринарна медицина и печат: ________________________________

*Образец 4*

**ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ЖАРИШТЕ – ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**

Референтен број: ___________

Болест за која се пријавува затворање на жариштето:

_______________________________________________________________

Жариштето е пријавено (внесете дата и референтен број од образецот за пријава на Жариште): ______________________________________________

Дата на имплементирање на последните контролни или заштитни мерки: ____________________________________

Дата на затворање на жариште: _____________________________________

Име и презиме на докторот по ветеринарна медицина од овластеното ветеринарно друштво кој испраќа пријавата за затворање на жариштето: ______________________________

Телефон: _____________ Факс:____________е-маил: ______________________

Жариште кое се прогласува како затворено:

______________________________________________________________________

(име на одгледувачот/одговорното лице на одледувалиште на животниопштина, населено место и итн)

Регистарски број на одгледувалиште: __________________________________

Адреса: _________________

Населено место: ___________________Општина: _________________________

Жариште кое се прогласува како затворено се наоѓа на општина под надзор на овластеното ветеринарно друштво:

______________________________________________

(внесете го името на овластеното ветеринарно друштво)

Наведете кои мерки (контролни и заштитни) се спроведуваат во одгледувалиштето: мониторинг, контрола на вектори, контрола на диви видови, кои се резервоари на заболувања, превентивни мерки за контрола на граничен премин, контрола на движењето на животните во земјата, колење, земање на мостри, вакцинација, или забрана за вакцинација, зонирање (спроведување на мерките во одредена област, каде што здравствената состојба на животните е добро позната)

___________________________________________________________________________

Податоци за животните:

| | Вкупен број на животни на одгледувалиште | Вкупен број на животни кои покажуваат клинички знаци на болест | Вкупен број на животни кои угинале | Број на убиени животни | Број на заклани животни | Број на животински мрши кои се безбедно отстранети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Говеда | | | | | | |
| Свињи | | | | | | |
| Овци | | | | | | |
| Кози | | | | | | |
| Коњи | | | | | | |
| Живина (кокошки) | | | | | | |
| Живина (мисирки) | | | | | | |
| Живина (гуски, патки) | | | | | | |
| Пернат дивеч (наведете го видот) | | | | | | |
| Диви животни (наведете го видот) | | | | | | |
| Пчели (број на пчелни семејства) | | | | | | |
| Риби (kg) | | | | | | |
| Мекотели (kg) | | | | | | |
| Куче | | | | | | |
| Мачка | | | | | | |
| Други (наведете) | | | | | | |

Време на колење на животните (час/ден/месец/година): ___________________________

Место на колење на животните и име на кланицата: _____________________________

Време на убивање на животните (час/ден/месец/година):__________________________

Време на транспорт на мршите за безбедно нештетно отстранување (час/ден/месец/година):

______________________________________

Име на транспортерот и регистарски таблички: ______________________

Забелешка: ____________________________________________________________

Место и датум: ____________________________________________________

Потпис и печат на доктор по ветеринарна медицина: ________________________

*1 Член 3 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи е усогласен со член 2 од Директива на Советот 64/432/ЕЕЗ од 26 јуни 1964 за услови за здравствена заштита на животните при ставање во промет во заедницата за говеда и свињи.

*2 Прилозите 1 и 4 од Правилникот за условите за ставање во промет на говеда и свињи се усогласени со Анексите А и D од Директива на Советот 64/432/ЕЕЗ од 26 јуни 1964 за услови за здравствена заштита на животните при ставање во промет во Заедницата на говеда и свињи.

*3 Прилог 1 од Правилникот за условите за ставање во промет на животни од видовите овци и кози е усогласен со Анекс А од Директива на Советот 91/68/ЕЕЗ од 28 јануари 1991 за барања за здравјето на животните во врска со внатрешната трговија во Заедницата на овци и за кози.